**20251973999**

## ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Врз основа на член 34-в став (5) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23, 59/25 и 154/25), директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЗАПИСНИКОТ ЗА ИЗВРШЕН УВИД НА САМОТО МЕСТО ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОБЈЕКТ КАЈ КОЈ НЕ Е УТВРДЕН ПРАВНИОТ СТАТУС ВО РАМКИТЕ НАТЕХНОЛОШКИТЕ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на записникот за извршен увид на самото место за потврдување на објект кај кој не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони.

Член 2

Записникот за извршен увид на самото место за потврдување на објект кај кој не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони се составува на образец во А4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на записникот од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-1249/2
22 септември 2025 година
Скопје

Директор на Дирекцијата
за технолошки индустриски развојни зони,
д-р **Гоце Димовски,** с.р.

**П р и л о г**

Врз основа на член 34-в став (1) од Законот за технолошки индустриски развојни зони, постапувајќи по барање бр. ________ од _______ година на __________________________________ од _________________ за потврдување на објект кај кој не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони, се изготвува следниот

**З А П И С Н И К**

**за извршен увид на самото место за потврдување на објект кај кој не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони**

Составен на ден __.__.____ година, по извршен увид на самото место на _____________
_________________________________________________________________________________

(вид на објект кај кој не е потврден правен статус)

Увидот на самото место е извршен од страна на Комисијата формирана од страна на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во следниот состав:

1. ________________________________________________

2. ________________________________________________

3. ________________________________________________

во присуство на подносителот на барањето на начин што е извршена идентификација на објектот
_________________________________________________________________________________
(вид на објект кај кој не е потврден правен статус)

кој е изграден на земјиште во блок _________, градежна парцела _____._____ со површина на објект од ____________________м$^2$ согласно Геодетскиот елаборат за утврдување на фактичка состојба бр.____________од _____________ година, изграден во Технолошко индустриската развојна зона ________________________.

При увидот на самото место на изградениот објект кај кој не е утврден правниот статус во рамките на Технолошко индустриската развојна зона_________________________ констатирано е дека:

- Објектот _____________________ (е/не е) градежна и функционална целина;
- До објектот ____________________ (има/нема) соодветна патна инфраструктура;
- Објектот _____________________ (е приклучен / не е приклучен) со комунална инфраструктура (водовод и канализација);
- Објектот ______________ (е приклучен/не е приклучен) на електрична инфраструктура и
- Објектот ______________ (е приклучен/не е приклучен) на гасоводна инфраструктура.

Составен дел на овој записник за извршен увид на самото место се фотографии од објектот.

Забелешка од Комисијата:

___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________

Забелешка од подносителот на барањето:

___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________

Записникот е составен во шест еднообразни примерока од кои четири за Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и два за подносителот на барањето.

**КОМИСИЈА**

**Б А Р А Т Е Л**

Член/Заменик член на Комисијата М.П.

_______________________________
(име, презиме и потпис)

(име, презиме и потпис од присутното лице)

Член/Заменик член на Комисијата

__________________________________
(име, презиме и потпис)

Член/Заменик член на Комисијата

_______________________________

(име, презиме и потпис)